Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 04.05.2020

На 03.05.2020 во 16.15 часот, за време на забраната за движење, на раскрсницата од бул.„Никола Карев" со ул.„Лазар Личеновски", полициски службеници од СВР Скопје го приведе А.Б.(44) од Скопје, затоа што се однесувал агресивно кон полициските службеници кои вршеле службени дејствија. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.05.2020 во 09.40 часот било пријавено дека на патот Куманово - Крива Паланка, на место викано „Чешмиче", пред с.Страцин, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фиат пунто", со кумановски регистарски ознаки, управувано од Б.Ѓ.(55) од с.Железница и патничко возило „фиат пунто", со кратовски регистарски ознаки, управувано од И.М.(26) од Битола. Во незгодата од здобиените повреди починал Б.Ѓ., додека сопатникот од истото возило Ф.Ѓ.(23) од с.Железница и И.М. биле пренесени во Комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје за укажување на лекарска помош, каде Ф.Ѓ. починал. Извршен бил увид на местото на настанот од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Куманово.

На 03.05.2020 во 10.20 часот било пријавено дека на бул.„Видое Смилески Бато", на сервисната улица од паркинг простор, патничко возило „цитроен", со скопски регистарски ознаки управувано од В.Ѓ.(42) од Скопје удрило во велосипед, управуван од Т.П.(69) од Скопје. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, по што бил пренесен во Градската општа болница „Св. Наум Охридски" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 03.05.2020 во 04.00 часот било пријавено дека на регионалниот пат Прилеп - Битола кај с.Ношпал, В.П.(33) од Битола, управувајќи патничко возило „бмв", со битолски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од коловозот. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил сопатникот М.Н.(43) од Битола, а со телесни повреди се здобил возачот, по што биле пренесени во Клиничкиот центар Битола за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од Полициската станица Прилеп.

На 03.05.2020 во 14.35 часот било пријавено дека во Штип на ул. „Брегалничка", П.Б.(20) од Штип, управувајќи патничко возило „ауди А3", без регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од коловозот. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил возачот, а со телесни повреди се здобиле двајцата сопатници С.Г.(19) и М.С.(19), и двајцата од Штип, по што биле пренесени во Клиничката болница Штип за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Штип.

На 03.05.2020 во 12.00 часот на ул.„Дижонска" од полициски службеници бил пронајден Ј.Ј.(41) од Скопје, за кој на 02.05.2020 бил пријавено дека се оддалечил од домот.

На 04.05.2020 во 05.30 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул. „Сутјеска" настанал пожар на патничко возило „БМВ", сопственост на З.Ч.(34) од Штип, од кој било зафатено и патничко возило „шкода фабија", сопственост на правно лице од Скопје. Пожарот бил изгаснат од Територијална противпожарна единица Штип, а увид на местото извршила увидна екипа на СВР Штип. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.05.2020 во 12.30 часот било пријавено дека во Македонски Брод, на ул.„Иво Лола Рибар", по претходна вербална расправија поради нарушени меѓусебни односи, дошло до физичка пресметка помеѓу С.Д.(62), неговата сопруга С.Д.(60) и неговата ќерка Б.М.(38), од една страна, и Д.Д.(31), од друга страна. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 03.05.2020 во 23.30 часот било пријавено дека во с.Будинарци, беровско, настанал пожар во плевна, во која имало земјоделска механизација, сопственост на С.Ф.. Пожарот бил изгаснат од Територијалната противпожарна единица Берово. Увид се врши од увидна екипа од Полициската станица Берово.

На 03.05.2020 во 10.00 часот ЉЈ.(66) пријавил дека во с.Робово, пехчевско, при рушење на ѕид од плевна, веднаш до семејната куќа, пронашол рачна неексплодирана бомба, од непозната марка и потекло. Бомбата била безбедно подигната од страна на Дирекцијата за заштита и спасување Берово за понатамошна постапка.

На 03.05.2020 во 02.45 часот полициски службеници од Полициската станица Пробиштип, на ул.„Миро Марага" во Пробиштип, го лишиле од слобода Д.Р.(36) од Пробиштип, затоа што при извршениот преглед кај него била пронајдена марихуана. Се работи на комплетирање на случајот, по што ќе биде поднесена кривична пријава.

На 04.05.2020 во 04.50 часот Т.П.(25) од Скопје пријавила дека околу 02.00 часот, додека била на работно место во Клиниката за пулмологија, била физички нападната од С.Ј.(56) од Скопје. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

Полициски службеници од СВР Штип лишиле од слобода две малолетни лица на возраст од 16 и 17 години, кои на ул.„Вера Циривири" биле затекнати при вршење на кривично дело „кражба" од патничко возило „застава", сопственост на М.Б.(65) од Штип. Исто така, малолетниците се осомничени дека сториле кривично дело „тешка кражба" извршена на 01.05.2020 околу 17.30 часот во куќа на ул.„Иво Лола Рибар" во Штип, сопственост на К.М.(73) од Штип, од каде бил одземен златен накит и кривично дело „кражба" извршена на 01.05.2020 околу 18.00 часот од куќа на ул.„19-та бригада", сопственост на Б.Ш.М.(50) од Штип. Од страна на полициски службеници украдените предмети се вратени на оштетените граѓани. По комплетирање на случаите, против сторителите ќе биде поднесена кривична пријава.

На 04.05.2020 во 01.15 часот В.Ч.(38) од Скопје пријавил дека на 03.05.2020 околу 23.40 часот на ул.„Македонско-косовска бригада" тој и Џ.А.(40) биле физички нападнати од повеќе непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе 14 кривични пријави против ЉА(26), К.Б.(26), В.Р.(30), И.А.(20), сите од Битола, А.Ц.(49), А.Ш.(39), Р.А.(32), С.Џ.(36), Е.Џ.(34), О.И.(22), Ф.Б.(23), сите од Прилеп, В.Б.(44) од с.Кадино, прилепско, М.П.(59) од Ресен, А.И.(41) од с.Житоше, прилепско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените, во периодот од 31.03.2020 до03.04.2020 година не се придржувале кон воведената мерка за ограничено движење.